РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх. бр. 02-737/4
Дата 11.5.2023год.

Врз основа на член 57 точка 8 од Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје (Унив. гласник бр. 443/2019год), член 324 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр. 425/2019год.), а согласно член 173 од Законот за високо образование (Сл.весник на РСМ бр.82/2018год., бр.178/2021), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 11.5.2023год., ја донесе следната

О Д Л У К А

1. д-р Костадин Мишев, асистент докторанд се избира во звањето доцент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, согласно оцената во рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “бр. 1281 од 1.4.2023 година (90-105стр.).
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.2.20223година за избор на доцент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, се пријави кандидатот д-р Костадин Мишев, кој во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, сметководство, именуваниот/та, персонално досие

Декан
проф. д-р Боро Јакимовски

Изработил: м-р Валентина Трајанова, Рак.на Одделение за правни и општи работи
Одобрил: м-р Игор Цветановски, Секретар